# Основни баналности

Раул Ванејгем

1962-63

# Содржина

1 . . . . . 3
2 . . . . . 3
3 . . . . . 3
4 . . . . . 4
5 . . . . . 5
6 . . . . . 5
7 . . . . . 6
8 . . . . . 7
9 . . . . . 9
10 . . . . . 9
11 . . . . . 10
12 . . . . . 11
13 . . . . . 11
14 . . . . . 13
15 . . . . . 15
16 . . . . . 16
17 . . . . . 17
18 . . . . . 18
19 . . . . . 19
20 . . . . . 20
21 . . . . . 21
22 . . . . . 22
23 . . . . . 23
24 . . . . . 23
25 . . . . . 23
26 . . . . . 24
27 . . . . . 24
28 . . . . . 25
29 . . . . . 26
30 . . . . . 27

## 1

Бирократскиот капитализам својата легитимност ја заснова на Маркс. Со тоа не укажувам на сомнителната заслуга која му се припишува на ортодоксниот марксизам за зајакнување на неокапиталистичката структура чија сегашна трансформација претставува имплицитно укажување чест на советскиот тоталитаризам; го истакнувам степенот до кој најпроникливите анализи на Маркс беа вулгаризирани на најобични факти, кои ослободени од нивниот магичен превез и материјализирани во секој гест, станаа единствената супстанца, ден за ден, на животите на сè поголем број луѓе. Со еден збор, бирократскиот капитализам ја содржи материјалната реалност на отуѓувањето; го донесе во секој дом, кај секого, многу поуспешно отколку што Маркс воопшто се надевал, го банализира на начин на кој намалувањето на материјалната сиромаштија беше придружувано од раширеното медиокритетство на постоење. Бидејќи сиромаштијата е редуцирана на едноставен материјален опстанок, таа стана попродлабочена во смисла на нашиот начин на живот – ова е барем едно широко распространето чувство кое го ослободува Маркс од сите толкувања што дегенерираниот болшевизам ги извлекол од него. „Теоријата“ на мирољубива коегзистенција истакна таква свесност и откри, на оние кои сè уште беа збунети, дека угнетувачите можат да се сложуваат мошне добро едни со други и покрај нивните спектакуларни разлики.

## 2

„Секое дело“, пишува Мирча Елијаде, „може да стане религиозно дело. Човечкото постоење истовремено се остварува на две полиња, она на привременоста, настанувањето, илузијата и она на вечноста, супстанцијата, реалноста“. Во деветнаесеттиот век, бруталниот раскин на овие две полиња демонстрираше дека моќта би била поуспешна доколку ја одржува реалноста во замагленоста на божествената трансцедентност. Но на реформизмот мораме да му оддадеме заслуги за успешност онаму кадешто Бонапарта потфрли, во преиначување на настанокот во вечност а реалноста во илузија; ова единство можеби не е толку цврсто како заветите на светиот брак, но *трае*, што е најмногу што менаџерите на коегзистенцијата и општествениот мир можат да посакаат. Ова е истото она што нè наведува да се дефинираме себеси – во илузорната но неизбежна перспектива на траење – како крај на апстрактната привременост, како крај на материјализираното време на нашите дела; да се дефинираме себеси – мора ли тоа да биде испишано буква по буква? – на позитивниот пол на отуѓувањето како крај на општественото отуѓување, како крај на човековиот услов за општествено отуѓување.

## 3

Социјализацијата на примитивните човечки групи открива волја за поефективна борба против мистериозните и застрашувачки сили на природата. Но борбата во природна средина, заедно со неа и против неа, потчинувањето на нејзините најнечовечки закони со цел оттргнување од неа и поголеми можности за опстанок – би можеле единствено да поттикнат поразвиен облик на агресивна одбрана, покомпклексен и помалку примити-

вен став, манифестирајќи ги на повисоко ниво спротивностите кои неконтролираните, а сепак влијателни сили на природата никогаш не престанале да ги наметнуваат. Во своето социјализирање, борбата против слепата доминација на природата триумфира онолку колку постепено го асимилира примитивното, природно отуѓување, но во поинаков облик. Отуѓувањето станува општествено во борбата против природното отуѓување. Дали е случаен развитокот на технолошката цивилизација до точка каде што општественото отуѓување се открива преку неговиот конфликт со последните области на природниот отпор кој технолошката моќ не успеала (од добри причини) да го потчини? Денес технократите предлагаат ставање крај на примитивното отуѓување: преку трогателен хуманитаризам нѐ поттикнуваат да ги усовршиме техничките средства кои „самите по себе“ би ни овозможиле да ги покориме смртта, страдањето, неудобноста и здодевноста. Но отарасувањето од смртта би било помало чудо отколку отарасувањето од самоубиството и желбата за смрт. Постојат начини за укинување на смртната казна кои можат да предизвикаат да ја бараме. Досега, специфичната употреба на технологијата – или поопшто социоекономскиот контекст во кој е омеѓена човековата активност – истовремено квантитативно намалувајќи го бројот на случаи на болка и смрт, ѝ овозможи на смртта да продре како рак во срцевината на животот на секоја личност.

## 4

Предисториското доба на собирање храна е проследено од добата на лов, кога се формираат кланови кои тежнеат да ги зголемат своите шанси за опстанок. Ловиштата и резерватите се обележани и туѓинците се целосно исклучени од нив, со оглед дека благосостојбата на целиот клан зависи од одржувањето на неговата територија. Како резултат на тоа, слободата стекната од поудобното вгнездување во природното опкружување и поефективната заштита од неговата суровост, ја создаде својата сопствена негација надвор од границите поставени од кланот принудувајќи ја групата да ги модерира своите обичајни правила во организирањето на своите односи со исклучените и непријателски групи. Од моментот на своето појавување, општествено конституираниот економски опстанок имплицира постоење на граници, рестрикции, конфликтни права. Никогаш не треба да се заборави дека сѐ до денес, и историјата и нашата сопствена природа се развиле во согласност со движењето на приватната апропријација: преземањето на контролата од страна на класа, група, каста или индивидуа со голема моќ над социоекономскиот опстанок чијашто форма останува комплексна - од поседувањето земја, територија, фабрики или капитал, сѐ до „чистата“ примена на моќ над луѓе (хиерархија). Отаде борбата против режими чијашто визија за рај е кибернетска држава на благосостојба, се наоѓа нужноста од уште посеопфатна борба против фундаменталната и иницијално природна состојба на нештата, во чијшто развој капитализмот игра само инцидентна, преодна улога; состојба на нештата којашто ќе исчезне единствено кога ќе исчезнат и последните траги од хиерарискaта моќ - заедно со „свинштината на човештвото“, се разбира.

## 5

Да се биде сопственик значи бесправно да се присвои добро од чие уживање сопственикот ги исклучува останатите луѓе – истовремено непризнавајќи го општото апстрактноС право сите да поседуваат. Исклучувајќи ги луѓето од вистинското право на сопственост, сопственикот го проширува својот доминион над оние кои ги исклучил (апсолутно над несопствениците, релативно над останатите сопственици), без кои тој е ништо. Несопствениците немаат избор по тоа прашање. Сопственикот ги присвојува и отуѓува како производители на неговата сопствена моќ, додека нужноста од обезбедување на нивната физичка егзистенција ги принудува, наспроти себеси, да соработуваат во производството на нивното сопствено исклучување и да опстанат без воопшто да бидат способни да живеат. Исклучени, тие учествуваат во поседувањето преку посредство на сопственикот, мистична партиципација која од почетокот ги карактеризира кланските и општествените односи кои постепено го заменуваат принципот на задолжителна кохезија во која секој член е интегрален дел од групата („органска меѓузависност“). Нивната гаранција за опстанок зависи од нивната активност внатре рамката на приватното присвојување. Тие го зајакнуваат правото на сопственост од кое се исклучени. Поради овој амбигвитет, секој од нив се гледа себеси како учесник во сопственоста, како жив фрагмент на правото на поседување, а ова верување од своја страна ја зајакнува неговата состојба како исклучен и поседуван. (Екстремни случаи на ова отуѓување: верен роб, полицаец, телохранител, центурион – суштества кои, преку еден вид сојуз со својата сопствена смрт, ѝ даваат на смртта моќ еднаква на силите на животот и ги идентификуваат во деструктивна енергија негативниот и позитивниот крај на отуѓувањето, апсолутно покорниот роб и апсолутниот господар.) Од витално значење за угнетувачот е што оваа појава се одржува и станува пософостицирана; не затоа што тој е особено макијавелистички настроен, туку едноставно затоа што сака да остане во живот. Организацијата на појавноста е врзана за опстанокот на неговите привилегии и на физичкиот опстанок на несопственикот, кој на тој начин може да остане жив истовремено подлегнувајќи на искористување и бивајќи исклучен од тоа да биде личност. Оттаму, приватното присвојување и доминацијата се оригинално наметнати и чувствувани како позитивно право, но во облик на негативна унизерзалност. Валидно за секого, оправдано во сечии очи од божествениот или природниот закон, правото на приватно присвојување е објективизирано во општа илузија, во универзална трансцеденција, во вечен закон под кој секој успева да ги толерира повеќе или помалку тесните граници припишани на неговото право да живее и на животните услови воопшто.

## 6

Во овој општествен контекст, функцијата на отуѓувањето мора да биде разбрана како *услов за опстанок*. Работата на несопствениците е предмет на истите контрадикции како и правото на приватно присвојување. Таа ги трансформира во поседувани суштества, во произведувачи на сопственото отуѓување и исклучување, но ја претставува единствената можност за опстанок на робовите, кметовите, работниците – дотаму што активноста која го овозможува нивниот опстанок продолжува, празнејќи го од секаква содржина, преку

природно и злокобно превртување на перспективата и доделувајќи си позитивна смисла. Не само што вредноста се припишува на трудот (во нејзиниот облик на жртвување во *ancien régime*, во нејзините брутални аспекти во буржоаската идеологија и во таканаречените народни демократии), но многу рано, работењето за господар, своеволното отуѓување, стана ценетата и ретко доведувана во прашање цена на опстанокот. Задоволувањето на основните потреби останува најдобриот заштитник на отуѓувањето; најдобро е прикриено преку неговото оправдување врз основа на неспорните потреби. Отуѓувањето ги умножува потребите затоа што не може да задоволи ниту една од нив; денес недостигот на задоволување се мери по бројот на автомобили, фрижидери, телевизори: отуѓувачките објекти изгубија од својата итрина и мистерија на трансцедентност, тие постојат во својата конкретна сиромаштија. Да се биде богат денес значи да се поседува најголем *број* на сиромашни предмети.

Сѐ досега, опстанувањето нѐ спречуваше да живееме. Токму заради ова, може многу да се очекува од очигледно сѐ поголемата неможност за опстанок, неможност која ќе стане сѐ поочигледна како што презаситувањето од удобности и елементи на опстанок го редуцираат животот на еден единствен избор: самоубиство или револуција.

## 7

Светото раководи дури и со борбата против отуѓувањето. Штом односите на угнетување и насилството кое е во нивната основа повеќе не се прекриени од мистериозниот превез, постои пробивање, момент на разјаснување, борбата против отуѓувањето одненадеш се открива како безмилосна лице в лице борба со гола моќ, моќ разоткриена во својата брутална сила и својата слабост, ранлив џин чија најмала рана на напаѓачот ја пренесува ноторната озлогласеност на Херострат. Бидејќи моќта опстанува, настанот останува двосмислен. Практиката на уништување, возвишениот момент кога комплексноста на светот станува допирлива, транспарентна, на дофат на секого; непокајните побуни – оние на робовите, Жаковите, иконокластите, Бесните, Комунарите, Кронштат, Астуриите, и – ветувањата на нештата кои ќе дојдат – хулиганите од Стокхолм и спонтаните штрајкови… единствено уништувањето на хиерархиската моќ ќе направи да ги заборавиме овие. Ќе се погрижиме тоа да биде така.

Распаѓањето на митските структури и нивната бавност во регенерирањето, која го прави возможно будењето на свеста и критичката пенетрација на востанието, се исто така одговорни за фактот дека штом „ексцесите“ на револуцијата станат минато, борбата против отуѓувањето се пренесува на теоретско поле, подложна на „анализа“ која ја пренесува од демистификаторските подготовки до бунт. Токму во оваа точка, вистинските и најавтентични аспекти на бунтот се преиспитуваат и отфрлаат од страна на „ние не мислевме навистина да го сториме тоа“ теоретичарите задолжени за објаснување на значењето на востанието на оние кои го кренале – на оние кои целат да демистифицираат со дела, не само со зборови.

Сите дела кои се борат со моќта изискуваат анализа и тактичко развивање. Може многу да се очекува од:

а. новиот пролетаријат, кој ја открива својата немаштија меѓу потрошувачкото изобилство (погледни го развојот на работничките борби кои сега започнуваат во Англија, и ставовите на бунтовната младина во сите модерни земји);

б. земјите на кои им е доста од нивните делумни, лажни револуции и кои ги испраќаат своите минати и сегашни тероретичари во музеите (погледни ја улогата на интелигенцијата во Источниот блок);

в. Третиот свет, чија недоверба кон технолошките митови се одржува во живот со помош на колонијални полицајци и платеници, последните разжестени милитанти на трансцедентноста за која се најдобрата можна вакцина;

г. силата на СИ - Ситуационистичката интернационала - („нашите идеи се во сечиј ум“), способна да спречува далечински управувани побуни, „кристални ноќи“ и ограничен отпор.

## 8

Приватното присвојување е врзано за дијалектиката на посебното и општото. Во мистичното царство каде што спротивностите на робот и феудалниот систем се разрешени, несопственикот, исклучен како посебна индивидуа од правото на поседување, се стреми да го обезбеди својот опстанок преку својот труд; колку повеќе се идентификува со интересите на својот господар, толку е поуспешен. Тој ги познава останатите несопственици единствено преку нивните заеднички околности: присилното предавање на нивната работна моќ (христијанството го препорачуваше доброволното предавање: штом робот „своеволно“ ќе ја понуди својата работна моќ, тој престанува да биде роб), потрагата по оптималните услови за опстанок и мистично идентификување. Борбата, иако проникната од универзалната волја за опстанок, се случува на ниво на појавноста, каде што во игра го вклучува идентификувањето со желбите на господарот, на тој начин воведувајќи одреден индивидуален ривалитет кој го рефлектира ривалитетот меѓу господарите. Конкурентноста се развива на ова поле сè додека односите на експлоатација остануваат прикриени зад мистичната назадност и сè додека условите кои ја произведуваат таа назадност продолжуваат да постојат; сè додека степенот на ропство ја детерминира свеста на степенот на живеената реалност на робот. (Сè уште сме во фаза да го нарекуваме „објективна свест“ она што во реалноста е свест на тоа да се биде објект.) Од своја страна, сопственикот зависи од општото признавање на правото од кое тој самиот не е исклучен, но кое се гледа на полето на појавата како право достапно на секој од исклучените посматран индивидуално. Неговата привилегирана позиција зависи од таквото верување, а ова верување е исто така основа за силата која е од суштинско значење за неговиот статус меѓу останатите сопственици; тоа е неговата сила. Доколку, за возврат, се чини дека тој го порекнува ексклузивното присвојување на сè и секого, доколку поседува помалку како господар отколку како слуга на јавното добро и бранител на колективната сигурност, тогаш неговата моќ е крунисана со слава и на своите останати привилегии ја додава онаа на одрекувањето, на ниво на појавност (кое е единственото референтно ниво во унилатералната комуникација), самиот поим на лично присвојување; тој одрекува дека некој го има ова право, тој не ги признава останатите сопственици. Во феудалната перспектива

сопственикот не е интегриран во појавата на ист начин како и несопствениците, робовите, војниците, функционерите, слугите од секаков вид. Животите на последните се толку бедни што мнозинството може да живее единствено како карикатура на Господарот (феудалниот лорд, принцот, мајордомот, надзорникот, високиот свештеник, Бог, Сатана...). Но самиот господар исто така е принуден да игра една од овие карикатурни ролји. Тој може да го прави тоа без многу напор, бидејќи неговата претензија кон тотален живот веќе е премногу карикатурна, изолирана како што е и тој самиот меѓу оние кои само можат да преживеат. Тој веќе е еден од нас (со дополнителниот блесок на една мината епоха која додава префинет вкус на неговата тага); тој, како и секој од нас, желно ја бара авантурата каде што би можел да се пронајде себеси на патот на својата целосна пропаст. Би можел ли господарот, во самиот момент кога ги отуѓува останатите, да согледа дека ги редуцира на исклучени суштества лишени од сопственост, и оттаму да сфати дека тој е единствено угнетувач, чисто негативно суштество? Таквата свесност е малку веројатна и би била опасна. Проширувајќи го својот доминион врз најголемиот можен број субјекти, зарем не им овозможува да преживеат, давајќи им ја единствената шанса за спас? („Што ќе се случи со работниците доколку капиталистите не беа толку добри да ги вработуваат?" прашуваа благородните души на деветнаесеттиот век.) Всушност, сопственикот формално се исклучува себеси од сето право на приватно присвојување. На жртвата на несопственикот, кој преку својот труд го заменува својот вистински живот за привиден (избегнувајќи ја на тој начин моменталната смрт, дозволувајќи му на господарот да ја одреди разноликоста на неговото мртво живеење), сопственикот одговара прикажувајќи како навидум ја жртвува својата природа како сопственик и угнетувач; тој се исклучува себеси на митски начин, се става себеси во служба на секого и на митот (во служба на Бог и неговите луѓе, на пример). Со дополнителен гест и со дело чија грациозност го облева со духовен блесок, тој на одрекувањето му ја дава неговата чиста форма на митска реалност која го одрекува обичниот живот, тој е сиромашниот човек меѓу илузорното богатство, тој кој се жртвува себеси за секого додека сите други луѓе единствено се жртвуваат за своето сопствено добро, за доброто на нивниот опстанок. Тој својата неволја ја претвора во престиж. Колку е помоќен, толку е поголема и неговата жртва. Тој станува жива референтна точка за целиот илузорен живот, највисоката достижна точка на скалата на митски вредности. „Доброволно" повлечен од обичните смртници, тој е вовлечен во светот на боговите, и неговото повеќе или помалку етаблирано учество во божеството, на ниво на појава (единствената признаена рамка на референтност), го осветува неговиот ранг во хиерархијата на останатите сопственици. Во трансцедентната организација, феудалниот господар – а преку осмоза, сопствениците на одредена моќ или производствени материјали, во различни степени – е наведен да ја игра главната улога, улогата која тој навистина ја игра во економската организација на опстанокот на групата. Како резултат, постоењето на групата е ограничено на секое ниво од постоењето на сопствениците како такви, на оние кои, поседувајќи сè бидејќи ги поседуваат сите, исто така ги принудуваат сите да се одречат од своите животи како изговор за единственото, апсолутно и божествено одрекување на сопствениците. (Од богот Прометеј казнет од боговите, до богот Христос казнет од луѓето, жртвата на Сопственикот е вулгаризирана, ја губи својата света аура, станува хуманизирана). Оттаму, митот ги обединува сопственикот и несопственикот, ги врзува во обичен облик во кој потребата од опстанок, дали чисто физичка или на ниво на привилегирани суштества, ги принудува да живеат на ниво на појава и инверзија на вистинскиот живот,

инверзија на животот на секојдневниот праксис. Ние сè уште сме таму, чекајќи да живееме живот понемистичен или отаде мистичноста, против кој се бунтува секој наш гест додека истовремено му се потчинуваме.

## 9

Митот, унитарниот апсолут во кој спротивставеностите на светот пронаоѓаат илузорна резолуција, хармоничната и постојано хармонизирана визија која го рефлектира и зајакнува поредокот – ова е сферата на светото, екстрачовечката зона каде што се манифестира изобилството на откровенија, но каде што откровението на процесот на приватно присвојување е грижливо прикриен. Ниче го забележува ова, пишувајќи: „Сето настанување е криминално одметнување од вечното постоење, а неговата цена е смртта". Кога буржоазијата барала заминување на чистото Постоење на феудализмот со Настанувањето, сè што навистина направила била десакрализација на Постоењето и ресакрализација на Настанувањето за сопствена корист; воздигнувајќи го своето Настанување до статус на постоење, повеќе не оној на апсолутна сопственост туку на релативно присвојување: бедно демократско и механичко Настанување, со своите поими за прогрес, заслуга и повремено наследување. Животот на сопственикот го скрива од него самиот; окован за митот со пакт помеѓу животот и смртта, тој не може да се види себеси во позитивно и ексклузивно уживање на кое било добро освен преку живеаното искуство на своето сопствено исклучување. (А зарем нема преку ова митско исклучување несопствениците да ја разберат стварноста на својата сопствена исклученост?). Тој ја сноси одговорноста за групата, тој го носи товарот на бог. Потчинувајќи се себеси на благословот и казната, тој се завлекува себеси во строгоста и се опустошува. Моделот на богови и херои, господарот, сопственикот, е вистинската стварност на Прометеј, на Христос, на сите оние чијашто спектакуларна жртва овозможи „големото мнозинство луѓе" да продолжат да се жртвуваат на крајното малцинство, на господарите. (Анализите на жртвувањето на сопственикот би требало да се разработат посуптилно: зарем случајот на Христос не е навистина жртвување на синот на сопственикот? Доколку сопственикот никогаш не може да се жртвува себеси освен на ниво на појава, тогаш Христос важи за вистинска жртва на синот на сопственикот кога условите не оставаат друга алтернатива. Како син тој е само сопственик на многу рано ниво на развој, ембрион, нешто повеќе од сон за идна сопственост. Во оваа митска димензија припаѓа Баресовата (Barrès) добро позната забелешка во 1914 година кога пристигнала војната и конечно ги остварила неговите соништа: „Нашата младина, како што е ред, отиде да пролева потоци *наша крв*"). Оваа помалку невкусна мала игра, пред да биде трансформирана во симболичен ритуал, познаваше херојски период кога кралевите и племенските поглавари беа ритуално усмртувани по нивна „волја". Историчарите нè уверуваат дека овие возвишени маченици набрзо биле заменети со затвореници, робови и криминалци. Жртвувањето исчезна, но ореолот остана.

## 10

Концептот на заедничка судбина се заснова на жртвата на сопственикот и несопственикот. Поинаку кажано, поимот човечка состојба е заснован на идеална и измачена слика

чијашто функција е да ја разреши неразрешливата спротивност помеѓу митското жртвување на малцинството и навистина жртвуваниот живот на сите останати. Функцијата на митот е да ја обедини и овековечи, во низа од статични моменти, дијалектиката на „волјата за живот“ и нејзината спротивност. Ова универзално доминантно лажно единство го постигнува своето најреално и најконкретно претставување во комуникацијата, особено во јазикот. Амбигвитетот е најистакнат на ова ниво, тој доведува до отсуство на вистинска комуникација, го става аналитичарот на милост на бесмислени духови, на милост на зборовите – вечни и променливи мигови – чијашто содржина се разликува во зависност од тоа кој ги изговара, исто како што се разликува и поимот за жртвување. Кога јазикот е ставен на тест, повеќе не може да го прикрива лажниот приказ, па оттаму ја предизвикува кризата на учеството. Во јазикот на една ера можат да се следат контурите на тоталната револуција, неисполнети но секогаш иминентни. Тие се возвишените и ужаснувачки знаци на востанијата кои ги навестуваат, но кој ги сфаќа сериозно? Недоверливиот впечатлив јазик е длабоко вкоренет и инстиктивен како и сомнежот со кој митовите се гледаат од страна на луѓето кои истовремено се толку цврсто приврзани за нив. Како клучните зборови можат да бидат дефинирани од други зборови? Како фразите можат да бидат искористени да ги истакнат знаците коишто ја побиваат фразеолошката организација на појавата? Најдобрите текстови сè уште ја чекаат својата оправданост. Кога поема од Маларме ќе стане единственото објаснување за чинот на бунт, тогаш поезијата и револуцијата ќе го надминат својот амбигвитет. Чекањето и подготовката за овој момент значи да се манипулира со информациите не како последен бран на шок, чиешто значење ги избегнува сите, туку како прва реперкусија на делото кое допрва треба да случи.

## 11

Роден од човековата волја да ги преживее неконтролираните сили на природата, митот е јавна социјална политика која ја надживеала својата нужност. Ја консолидирала својата тиранска сила со редуцирање на животот на единствена димензија на опстанок, негирајќи го како движење и тоталитет.

Кога е оспоруван, митот ги хомогенизира разните напади врз него; порано или подоцна, тој ги проголтува и асимилира. Ништо не може да оддолее, ниту една претстава или концепт кој се обидува да ги уништи доминантните духовни структури. Владее над изразувањето факти и проживеаното искуство, врз кои ја наметнува својата интерпретативна структура (драматизација). Личната свест е свест на проживеано искуство кое го пронаоѓа својот израз на ниво на организирана појава.

Митот се одржува преку наградено жртвување. Бидејќи секој индивидуален живот е заснован на своето сопствено одрекување, проживеаното искуство мора да биде дефинирано како жртвување и надомест. Како награда за неговиот аскетизам, двигателот (унапредениот работник, специјалистот, управникот – нови маченици демократски канонизирани) добива погодно место во организацијата на појавата; тој е наведен во отуѓувањето да се чувствува како дома. Но колективните засолништа исчезнаа со унитарните општества, сè што е останато се нивните конкретни олицетворувања во корист на јавноста: храмови, цркви, палати… сеќавања на универзална заштита. Засолништата денес се приватни, но иако нивната заштита е далеку од сигурна, нивната цена е загарантирана.

## 12

„Приватниот" живот првенствено се дефинира во формален контекст. Тој е, да бидеме сигурни, роден од општествените односи создадени од приватното присвојување, но неговата суштинска форма е детерминирана од изразувањето на тие односи. Универзална, несомнена но постојано оспорувана, оваа форма присвојувањето го прави право кое припаѓа секому и од кое секој е исклучен, *право што може да се добие само преку негово одрекување.* Сè додека не успева да се ослободи од контекстот кој го заробува (ослободување кое се нарекува револуција), најавтентичното искуство може да биде разбрано, изразено и комуницирано единствено со инверзија преку кое неговите фундаментални спротивности се прикриени. Со други зборови, доколку позитивен проект не успее да одржи практика на радикално отфрлање на условите на живот – кои не се ништо друго туку услови на приватното присвојување – тој нема никаква шанса да избегне да биде преземен од негативноста која владее над изразувањето на општествените односи: заздравува како сликата во огледало, во обратна перспектива. Во тотализирачката перспектива во која ја условува целината на сечиј живот, и во која неговите реални и митски моќи повеќе не можат да се разликуваат (обете бидувајќи реални и митски), процесот на приватното присвојување го прави изразувањето на животот невозможно на кој било друг начин освен негативниот. Животот во својата вечност е суспендиран на негативност која го нагризува и формално дефинира. Да се зборува за животот денес е како да се зборува за јаже во куќата на обесен човек. Бидејќи клучот на волјата за живот е изгубен, ние талкаме низ коридорите на бескрајниот мавзолеј. Дијалогот на можност и фрлањето на зарот повеќе не се доволни да го оправдаат нашиот замор; оние кои сè уште го прифаќаат живеењето во добро декорирана излитеност замислуваат како нивното постоење е индолентно, неуспевајќи да забележат во секој од нивните дневни гестови животно одрекување на нивниот очај, одрекување кое би требало попрво да ги направи очајни од сиромаштијата на нивната имагинација. Заборавањето на животот може да се поистовети со спектар на слики, од суровите освојувачи и нечовечните робови на едниот крај до светецот и невиниот херој на другиот. Воздухот во кенефот е задушлив долго време. Светот и човекот како приказ баздат на мрша и повеќе нема некој бог да ги претвори мртовечниците во кревети со бели чаршави. Од времето луѓето умираат прифаќајќи ги без забележителна промена објаснувањата за боговите, за природата и природните закони, не би се чинело неразумно да прашаме дали не умираме затоа што премногу смрт влегува – од многу специфични причини – во секој момент од нашите животи.

## 13

Приватното присвојување може да биде дефинирано како присвојување нешта преку присвојување битија. Тоа е изворот и бурната вода каде што сите рефлексии се мешаат и поматуваат. Неговото поле на акција и влијание, опфаќајќи ја целата историја, се чини дека сè досега е окарактеризирано со детерминацијата на фундаменталното двојно однесување: онтологија заснована на жртвување и негација на себството (неговите субјективни и објективни аспекти) и фундаментален дуалитет, поделба меѓу посебното и општото, индивидуалното и колективното, приватното и јавното, теоретското и практичното, ду-

ховното и материјалното, интелектуалното и физичкото, итн. Спротивставеностите меѓу универзалното присвојување и универзалното одземање, имплицираат дека господарот е согледан и изолиран во она што е. Оваа митска слика на терор, посакување и одрекување се нуди на робовите, слугите, на сите оние кои не можат да живеат како нив; тоа е илузорна рефлексија на нивното учество во сопственоста, природна илузија бидејќи тие навистина учествуваат во неа преку секојдневното жртвување на својата енергија (она што древните народи го нарекувале бол и мачење, а ние труд или работа) бидејќи тие самите ја произведуваат оваа сопственост на начин кој ги исклучува. Господарот може да се држи само до поимот за работата како жртвување, како Христос за неговиот крст и неговите клинци; до него е жртвувањето да го направи автентично, навидум да се одрече од своето право на ексклузивно уживање и да престане да отуѓува со чисто *човечко насилство* (односно, насилство без посредување). Возвишеноста на гестот го поматува почетното насилство, благородноста на жртвувањето го ослободува командосот, бруталноста на освојувачот е измиена во светло на трансцедентноста чиешто владеење е интернализирано, боговите се непомирливите чувари на правата, раздразливите овчари на мирното и на законот покорно стадо на „да се Биде и да се сака да се Биде Сопственик“. Коцкањето со трансцедентноста и жртвувањето кои ги имплицира се господари на најголемото освојување, нивното најуспешно потчинување на нужноста од освојување. Секој што сплеткари за моќ, одбивајќи го прочистувањето на одрекувањето (разбојникот или тиранинот), порано или подоцна ќе биде пронајден и убиен како лудо куче, или полошо: како некој кој се грижи само за своите интереси и чијашто нечувствителна претстава на „работата“ е импутирана од какво била обѕирност кон чувствата на другите: Тропман, Ландри, Петио (Troppmann, Landru, Petiot), кои убиваа луѓе без оправдување во име на одбрана на Слободниот свет, Христијанскиот запад, Државата или Човечкото достоинство, беа осудени на краен пораз. Одбивајќи да играат според правилата, пиратите, гангстерите и одметниците ги вознемируваат оние со добра совест (чиишто совести се рефлексија на митот), но господарите, убивајќи го присвојувачот или запишувајќи го како цајкан, ја реетаблираат сеприсутноста на „вечната вистина“: оние кои нема да се продадат себеси го губат своето право на опстанок, а оние кои ќе се продадат го губат своето право да живеат. Жртвата на господарот е матрицата на хуманизмот, она што го создава хуманизмот – а ова нека биде разбрано еднаш засекогаш како несреќна негација на сè што е човечко. Хуманизмот е господарот сфатен сериозно во сопствената игра, одобрен од оние кои во неговото очигледно жртвување – таа карикатурална рефлексија на нивното вистинско жртвување – гледаат причина да се надеваат за спас. Правда, гордост, благородност, слобода... овие зборови коишто квичат и завиваат, зарем не се ништо повеќе од домашни миленичиња чиишто господари мирно го дочекуваат нивното враќање дома уште од времето кога херојските лакеи се изборија за правото да ги шетаат на улица? Да се искористат значи да се заборави дека тие се баластот кој овозможува моќта да се издигне над дофатот. И доколку замислиме режим кој одлучува дека митското жртвување на господарите не би требало да биде промовирано во такви универзални форми, и би се впуштиле во пронаоѓање на овие зборови-концепти и нивно бришење, би можеле исто така да очекуваме левицата да биде неспособна да му се спротивстави со ништо повеќе од жална борба со зборови во која секоја фраза, повикувајќи се на „жртвувањето“ на претходниот господар, повикува на подеднакво митско жртвување на нов господар (левичарски господар, моќ која ги покосува работниците во име на пролетаријатот). Врзан концептот на жртвување-

то, хуманизмот е роден од заедничкиот страв на господарите и робовите: тој не е ништо повеќе од човештво посрано од страв. Но оние кои ја отфрлаат сета хиерархиска моќ можат да го користат кој било збор како оружје за обележување на своите акции. Лотреамон и анархистите илегалци веќе беа свесни за ова; исто како и дадаистите.

Оттаму, присвојувачот станува сопственик од моментот кога сопственоста на луѓето и стварите ќе ја стави во раце на Бог или некоја друга универзална трансцедентност чијашто сеприсутност се рефлектира назад на него како блаженство кое го прочистува од грев и неговиот најмал гест; на тој начин, спротивставувањето на така осветениот господар значи спротивставување на Бога, природата, татковината, народот. Накратко, исклучување на себеси од физичкиот и духовниот свет. За оној кој го изедначува со хуморот на Марсел Аврен кога весело пишува дека „ние не смееме ниту да владееме ниту да бидеме владеани“, нема ниту спас ниту проклетија, нема простор во универзалното сфаќање на нештата, ниту кај Сатаната, големиот откупник на верници, ниту во каков и да е мит, бидејќи тие се живиот доказ за бескорисноста на сето тоа. Таквите се родени за живот кој допрва треба да се измисли; ако и воопшто живееле, токму поради оваа надеж на крај се убиваат.

Две последици од сингуларизацијата во трансцедентност:

> а. Доколку онтологијата имплицира трансцедентност, јасно е дека секоја онтологија автоматски го оправдува постоењето на господарот и хиерархиската моќ каде што господарот е отсликан во деградирани, повеќе или помалку верни слики.
>
> б. Над поделбата помеѓу физичката и интелектуалната работа, помеѓу практиката и теоријата, супернаметната е поделбата помеѓу работата како вистинско жртвување и организацијата на работата во облик на привидно жртвување.

Би било примамливо фашизмот да се објасни – покрај останатите причини за него – како акт на вера, auto-da-fé на буржоазијата прогонувана од убиството на Бог и уништувањето на големиот свет спектакл, посветувајќи се себеси на ѓаволот, на преобратениот мистицизам, црниот мистицизам со своите ритуали и своите холокаусти. Мистицизам и високи финансии.

Не треба да се заборави дека хиерархиската моќ е несфатлива без трансцедентност, без идеологии, без митови. Демистификацијата самата по себе секогаш може да биде претворена во мит: овозможува да ја „пропушти“, најфилозофски, демистификацијата *преку дела*. Секоја демистификација до тој степен неутрализирана, станува безболна, еутаназистичка, со еден збор, хуманитарна. Освен што движењето на демистификација на крај ќе ги демистифира демистификаторите.

## 14

Директно напаѓајќи ја митската организација на појавноста, буржоаските револуции, и покрај тоа што се такви какви што се, ја нападнаа слабата точка не само на унитарната моќ туку и на секоја хиерархиска моќ. Дали оваа неизбежна грешка го објаснува комплексот на вина кој е една од доминантните карактеристики на буржоаскиот менталитет? Во секој случај, грешката несомнено беше неизбежна.

Грешка е бидејќи штом облакот на лаги кој го прикриваше приватното присвојување беше пробиен, митот беше разбиен, оставајќи вакуум кој можеше да биде исполнет единствено со екстатична слобода и возвишена поезија. Оргиастичната поезија, да бидеме сигурни, сè уште не ја уништи моќта. Нејзиниот неуспех може лесно да се објасни а нејзините двозначни знаци откриваат дека ударите истовремено ги лечеле раните. А сепак – да ги оставиме историчарите и естетичарите на нивните колекции – треба само да се чепне лишајот од сеќавања и плач, а зборовите и гестовите на минатото прават целото тело на моќта повторно да крвари. Како што тие оживуваат, целата организација на опстанокот на сеќавања нема да ги спречи од исчезнување во заборав; исто како што и нашиот опстанок ќе исчезне во конструкцијата на секојдневниот живот.

А тоа е неизбежен процес: како што покажа Маркс, појавата на разменската вредност и нејзиното симболично претставување преку парите отвори продлабочена латентна криза во срцето на унитарниот свет. Стоката во човековите односи воведе универзалност (банкнотата од 1.000 франци го претставува сето она што можам да го добијам за таа сума) и егалитаризам (еднакви нешта се разменуваат). „Егалитарната универзалност" делумно се измолкнува и од експлоататорот и од експлоатираниот, но меѓусебно тие се препознаваат преку неа. Се наоѓаат себеси лице в лице, повеќе не соочувајќи се внатре мистеријата на божественото раѓање и потекло, како што беше случај со благородништвото, туку внатре разбирлива трансцедентност, Логосот, тело од закони коишто можат да бидат *разбрани од секого*, дури и ако таквото разбирање останува прикриено со мистерија. Мистеријата со своите покренувачи: пред сè сите свештеници кои се борат да го оддржат Логосот во состојба на божествен мистицизам, но набрзо отстапувајќи им ги на филозофи, а потоа на техничари, и своите позиции и честа на својата света мисија. Од Платоновата Република до Кибернетската држава.

Оттаму, под притисок на разменската вредност и технологијата (општо достапното посредување), митот постепено е секуларизиран. Сепак, треба да се забележат два факти:

> а. Како што Логосот се ослободува себеси од мистичкото единство, тој се афирмира себеси и во него и наспроти него. На магиските и аналогните структури на однесување ги наметнува рационалните и логичките, кои ги негираат претходните истовремено сочувувајќи ги (математика, поезија, економија, естетика, психологија, итн.).
>
> б. Секој пат кога Логосот, „организацијата на разбирлива појавност" станува поавтономен, тој се стреми да се одвои од светото и да стане фрагментиран. На овој начин тој претставува двојна опасност за унитарната моќ. Веќе видовме дека светото го изразува запленувањето на тоталитетот од страна на моќта, и дека секој којшто сака да пристапи до тоталитетот тоа мора да го направи преку посредство на моќта: забраната на мистици, алхемичари и гностици е доволен доказ за ова. Ова исто така објаснува зошто денешната моќ ги „заштитува" специјалистите (иако без целосно да им верува): нејасно претчувствува дека тие се мисионери на ресакрализираниот Логос. Постојат историски белези кои сведочат за обидите внатре мистичката унитарна моќ да се пронајде соперничка моќ која ќе го потврдува нејзиното единство во име на Логосот – христијанскиот синкретизам (кој Бог го прави психолошки објаснлив), ренесансата, реформацијата и просветителството.

Господарите кои се бореле да го одржат единството на Логосот биле исклучително свесни дека само единството може да ја стабилизира моќта. Разгледани одблизу, нивните напори можат да се согледаат како не толку напразни колку што се чини дека докажува фрагментацијата на Логосот во деветнаесеттиот и дваесеттиот век. Во општото движење на атомизација, Логосот е разбиен во специјализирани техники (физика, биологија, социлогија, папирологија, итн.), но во исто време потребата за реетаблирање на тоталитетот стана поголем императив. Не треба да се заборави дека сè што е потребно е семоќна технкоратска моќ за да постои тоталитарна доминација на тоталитетот, за Логосот да го наследи митот како запленување на тоталитетот од идната унитарна (кибернетска) моќ. При таков настан, визијата на енциклопедистите (строго рационален прогрес кој бескрајно се простира во иднината) би имала двовековно одложување пред да биде реализирана. Ова е насоката во која Сталино-кибернетиците се подготвуваат за иднината. Во овој поглед, мирољубивото коегзистирање треба да се сфати како прелиминиреан чекор кон тоталитаристичко единство. Време е сите да сфатат дека веќе се спротивставуваат на тоа.

## 15

Го знаеме бојното поле. Проблемот сега е да се подготвиме за борба пред патафизичарот, вооружен со својот тоталитет без техника, и кибернетикот, вооружен со својата техника без тоталитет, да го довршат својот политички коитус.

Од гледиште на хиерархиската моќ, митот би можел да биде десакрализиран единствено доколку логосот, или барем неговите десакрализирачки елементи, се ресакрализираат. Нападот врз светото истовремено би требало да го ослободи тоталитетот и оттаму да ја уништи моќта (сме го слушнале тоа и претходно!). Но моќта на буржоазијата – фрагментирана, осиромашена, постојано предизвикувана – одржува релативна стабилност потпирајќи се на овој амбигвитет: Технологијата, која објективно десакрализира, субјективно се појавува како инструмент на ослободување. Не вистинско ослободување, коешто може единствено да се постигне преку десакрализација – односно, со крајот на спектаклот – туку карикатура, имитација, предизвикана халуцинација. Она што унитарната визија на светот го префрли отаде (над) проектите на фрагментираната моќ (‘зафрлувањата нанапред’) во состојба на идна благосостојба, на посветли утра прокламирани од врвот на буништето на денешните утра кои не се ништо повеќе од сегашноста помножена со бројот на направи кои треба да се произведат. Од слоганот „Живеј во Бога“ преминавме на похуманистичкото мото „Опстани дури не остареш“, еуфемистички изразено како: „Остани млад во срцето и ќе живееш долго време“.

Еднаш десакрализиран и фрагментиран, митот ја губи својата величина и својата духовност. Станува осиромашена форма, задржувајќи ги своите поранешни карактеристики но откривајќи ги на конкретен, суров, материјален начин. Бог повеќе не го води шоуто, и сè додека еден ден Логосот не преземе со своите технолошки и научни орудија, сеништата на отуѓувањето ќе продолжат да се материјализираат и да шират неред насекаде. Чувајте се од нив: тие се првите симптоми на идниот поредок. Мораме да започнеме да *играме* веднаш доколку не сакаме иднината да стане невозможна (хипотезата за човештвото кое се уништува себеси – а со тоа очигледно и целиот експеримент на конструирање на секојдневниот живот). Виталните цели на борбата за конструирање на секојдневниот

живот се чувствителните клучни точки на сета хиерархиска моќ. Да се изгради едната значи да се уништи другата. Заробени во вртлогот на десакрализација и ресакрализација, суштествено се залагаме за негација на следните елементи: организацијата на појавноста како *спектакл* во кој секој се одрекува себеси, *одвојувањето* врз кое се заснова приватниот живот, бидејќи токму таму објективната сепарација помеѓу сопствениците и лишените од сопственост живее и се рефлектира на секое ниво и *жртвување*. Овие три елементи се очигледно меѓузависни, исто како и нивните опозити: учеството, комуникацијата, реализацијата. Истото важи и за нивниот контекст на нетоталитет (банкротиран свет, контролиран тоталитет) и тоталитет.

## 16

Човековите односи кои претходно се растопија во божествената трансцедентност (тоталитетот крунисан од светото) се утврдија и зацврстија штом светото престана да делува како каталист. Нивната материјалност беше откриена и, како што превртливите закони на економијата ги наследија оние на Бога, моќта на луѓето започна да се појавува зад моќта на боговите. Денес мноштво улоги кореспондираат со митската улога што некогаш сите ја играа под божествениот рефлектор. Иако нивните маски сега се човечки лица, овие улоги сè уште изискуваат и актерите и статистите да ги одрекуваат своите вистински животи во согласност со дијалектиката на вистинското и митското жртвување. Спектаклот не е ништо повеќе од десакрализиран и фрагментиран мит. Тој го формира штитот на моќта (кој исто така може да се нарече суштинско посредување) која станува ранлива на *секој удар* штом еднаш не успее во прикривањето (во какофонијата каде што сите плачења се дават едни во други создавајќи целосна хармонија) на нејзината природа како приватно присвојување, и поголемата или помалата доза на несреќа која ја доделува на сите.

Улогите стануваат осиромашени во контекстот на фрагментарната моќ проголтана од десакрализацијата, исто како што спектаклот претставува осиромашување во споредба со митот. Тие ги предаваат своите механизми и трикови толку трапаво што моќта, за да се одбрани себеси од популарното разобличување на спектаклот, нема друга алтернатива освен самата да ја преземе иницијативата во ова разобличување со уште потрапава смена на актерите и министрите, или преку организирање погроми на наводни или префабрикувани агенти-жртвени јагниња (агенти на Москва, Вол Стрит, јудеократијата или двестоте семејства). Што исто така значи дека целиот кастинг се присилени да станат аматери, дека стилот е заменет со техника.

Митот, како неподвижен тоталитет, го опфаќаше сето движење (на пример, земете го предвид аџилакот како исполнување и авантура во неподвижноста). Од една страна, спектаклот може да го освои тоталитет еднистевено редуцирајќи го на фрагмент и на серија од фрагменти (психолошки, социолошки, биолошки, филолошки и митолошки погледи на светот), додека од друга страна, тој е сместен во точката каде што движењето за десакрализација се пресекува со напорите за ресакрализација. Оттаму, може да успее во наметнувањето неподвижност единствено внатре вистинското движење, движењето кое го менува и покрај неговото спротивставување. Во добата на фрагментација, организацијата на појавноста го прави движењето линеарна низа од неподвижни мигови (оваа жлеб по жлеб прогресија совршено е претставена преку сталинистичкиот „дијалектич-

ки материјализам"). Под она што го нарековме „колонизација на секојдневниот живот", единствените можни промени се промените на фрагментарните улоги. Во термини на повеќе или помалку нефлексибилни конвенции, човекот е успешен граѓанин, глава на семејството, сексуален партнер, политичар, експерт, професионалец, производител, потрошувач. Сепак, кој шеф не чувствува дека и самиот е шефуван? Изреката се однесува на сите: понекогаш ќе ебнеш нешто, но секојпат ќе бидеш изебан!

Добата на фрагментација барем го елиминира сиот сомнеж за едно нешто: секојдневниот живот е бојното поле каде што се одвива војната меѓу моќта и тоталитет, при што моќта ја користи сета своја сила да го контролира тоталитетот.

Што бараме ние поддржувајќи ја моќта на секојдневниот живот против хиерархиската моќ? Бараме *сѐ*. Ја заземаме својата позиција во општиот конфликт кој се протега од домашните препирки до револуционерната борба, обложувајќи се на волјата за живот. Ова значи дека ние мора да преживееме како антипреживеани. Во основа, нас нѐ засегаат единствено моментите кога животот се пробива преку замрзнатоста на опстанокот (без разлика дали овие моменти се несвесни или теоретизирани, историски – како револуција – или лични). Но мора да препознаеме дека ние сме *исто така* попречени слободно да го следиме курсот на таквите моменти (освен моменотот на самата револуција), не само од општата репресија применувана од моќта, но исто така и од итноста на нашата сопствена борба, нашата сопствена тактика, итн. Важно е исто така да се пронајдат средства за компензирање на оваа дополнителна „маргина на грешка" преку проширување на обемот на овие моменти и демонстрирање на нивното квалитативно значење. Она што го спречува она што ние го велиме за конструирањето на секојдневниот живот да зајакне преку културниот естаблишмент (*Arguments*, академски мислители со платени одмори)[1] е фактот дека сите ситуационистички идеи не се ништо друго туку верни развивања на делата постојано преземани од илјадници луѓе во обид да спречат уште еден ден да не биде само дваесет и четири часовно потрошено време. Дали сме ние авангарда? Доколку сме, да се биде авангарда значи да се оди во чекор со реалноста.

## 17

Немаме монопол на интелигенцијата, туку на нејзиното користење. Нашата позиција е стратешка, ние сме во срцето на секој конфликт. Квалитативноста е нашата ударна сила. Луѓе коишто напола го разбираат овој журнал[2] нѐ замолуваат за објаснувачки монографии благодарение на кои ќе бидат во можност да се убедат себеси дека се интелигентни и културни – што би се рекло, идиоти. Некој што се разлутува и го фрла в канта прави позначаен гест. Порано или подоцна ќе мора да се сфати дека зборовите и фразите коишто ги користиме сѐ уште се влечкаат зад реалноста. Изопачувањето и трапавоста во начинот на кој се изразуваме (којшто еден човек со вкус, не неточно, го нарече, „прилично иритирачки вид на херметички тероризам") произлегува од нашата централна позиција на лошо дефинираната граница која се поместува, каде што јазикот заробен од моќта (условување) и слободниот јазик (поезија) ја водат својата бесконечно комплексна војна. Од

[1] *Arguments* е марксистичка филозофско политичка ревија, 1956-1962. (заб. на прев.)

[2] Овој есеј за првпат е објавен во два последователни броја (7 и 8, 1962) на истоименото списание на Ситуационистичката интенационала. (заб. на прев.)

оние кои нè следат ги преферираме оние кои нетрпеливо нè отфрлаат, бидејќи нашиот јазик сè уште не е автентична поезија – слободниот конструкт на секојдневниот живот.

Сè поврзано со мислата е поврзано со спектаклот. Речиси сите живеат во состојба на ужас во лице на можноста дека можат да се разбудат во однос на себеси, а нивниот страв намерно се бодри од моќта. Условувањето, посебната поезија на моќта, го прошири својот доминион толку далеку (сета материјална опрема ѝ припаѓа нејзе: печатот, телевизијата, стереотипите, магијата, традицијата, економијата, технологијата – она што го нарекуваме заробен јазик) што речиси успева во растопувањето на она што Маркс го нарече недоминиран сектор, заменувајќи го со друг доминиран (види го подолу нашиот композитен портрет на „преживеаниот“). Но проживеаното искуство не може толку лесно да биде развиено до сукцесија на празни конфигурации. Отпорот кон надворешната организација на животот како опстанок содржи повеќе поезија отколку кој било том на стихови или проза, а поетот, во буквално значење на зборот, е оној кој најмалку го разбрал или почувствувал тоа. Но таквата поезија е во најопасна ситуација. Се разбира, поезијата во ситуационистичка смисла на зборот е неупростива и не може да биде закрепната од моќта (штом едно дело се зајакне тоа станува стереотип, условување, јазик на моќ). Но таа е опкружена со моќ. Моќта го опкружува неупростивото и го ограничува изолирајќи го; сепак таквата изолација е неизведлива. Двете стеги се, прво, заканата од дезинтеграција (лудило, болест, немаштија, самоубиство), и второ, далечински управувана терапевтика. Првата доделува смрт, втората доделува не повеќе од опстанок (празна комуникација, друштвото на семејството или пријателството, психоанализа во служба на отуѓувањето, здравствена заштита, ерготерапија). Порано или подоцна СИ мора себеси да се дефинира како терапија: спремни сме да ја браниме поезијата создадена од сите против лажната поезија уценета од моќта (условување). Лекарите и психоаналитичарите подобро јасно да го сфатат тоа, зашто можеби еден ден, заедно со архитектите и другите апостоли на опстанокот, ќе мораат да ги трпат последиците за она што го сториле.

## 18

Сите неразрешени, ненадминати антагонизми слабеат. Таквите антагонизми можат да се развиваат единствено доколку останат заробени во претходни ненадминати форми (антикултурна уметност во културниот спектакл, на пример). Секое радикално спротивставување кое не успева или делумно е успешно (што се сведува на исто) постепено дегенерира во реформистичка опозиција. Фрагментарните спротивставувања се како запци на запчаник, се вклопуваат едни со други и ја движат машината, машината на спектаклот, машината на моќта.

Митот ги одржи сите антагонизми внатре архетипот на манихејството. Но што може да функционира како архетип во фрагментирано општество? Всушност, сеќавањето на претходните антагонизми, претставени во својата очигледно обезвреднета и неагресивна форма, денес се појавува како последниот обид да се вметне некоја кохерентност во организацијата на појавноста, толку е висок степенот до кој спектаклот станал спектакл на конфузија и истоветност. Спремни сме да ги избришеме сите траги од овие сеќавања преку заузднување на сета енергија содржана во претходните антагонизми во корист на

радикалната борба која набрзо ќе започне. Сите извори попречени од моќта еден ден ќе избувнат да создадат порој кој ќе го промени лицето на светот.

Како карикатура на антагонизмите, моќта ги поттикнува сите да бидат за или против Брижит Бардо, *nouveau roman*, цитроен со 4 коњски сили, шпагети, мескалин, мини здолништа, ОН, класици, национализација, термонуклеарна војна и автостопирање. Сите се прашани за своето мислење за секој детаљ со цел да се спречат да имаат мислење за тоталитетот. Колку и да е трапав овој маневар, можеби и ќе успееше доколку продавачите задолжени да го продаваат од куќа до куќа и самите не се будеа соочени со своето сопствено отуѓување. Кон пасивноста наметната на масите лишени од сопственост се додава и растечката пасивност на режисерите и актерите подложни на апстрактните закони на пазарот и спектаклот, и кои имаат сè помалку и помалку реална моќ над светот. Веќе се јавуваат знаци на револт меѓу актерите – ѕвезди кои се обидуваат да избегнат публицитет или владетели кои ја критикуваат сопствената моќ; Брижит Бардо или Фидел Кастро. Орудијата на моќта се изабуваат; нивната желба за сопствена слобода треба да се земе предвид.

## 19

Во самиот момент кога бунтот на робовите се заканува да ја отфрли структурата на моќ и да го разоткрие односот меѓу трансцедентноста и механизмот на приватното присвојување, се појавува христијанството со својот грандиозен реформизам, чиешто централно демократско барање е робовите да пристапат не кон реалноста на човековиот живот – што би било невозможно без разобличување на исклучувачкиот аспект на приватното присвојување – туку кон нереалноста на постоењето со својот митски извор на среќа (имитацијата на Исус како цена на задгробниот живот). Што е изменето? Очекувањето за задгробниот живот стана очекување за подобро утре; жртвувањето на вистинскиот, непосреден живот е цената платена за илузорната слобода на привидниот живот. Спектаклот е сферата каде што принудната работа е трансформирана во доброволно жртвување. Ништо не е посомнително од формулата „Секому според неговиот труд“ во свет во којшто работата е уцена за преживување; да не се каже ништо за формулата „Секому според потребите“ во свет во којшто потребите се детерминирани од моќта. Секоја конструкција која се обидува да се дефинира себеси автономно и оттаму парцијално, а не зема предвид дека всушност е дефинирана од негативноста во која сè е суспендирано, влегува во реформистичкиот проект. Се обидува да гради врз жив песок како тој да е камен. Презирот и неразбирањето на контекстот одреден од хиерархиската моќ може на крај единствено да го зајакне тој контекст. Од друга страна, спонтаните дела коишто можеме насекаде да ги видиме како се формираат против моќта и нејзиниот спектакл, мораат да бидат предупредени за сите пречки на нивниот пат и мораат да изнајдат тактика која ја зема предвид силата на непријателот и неговите можности за закрепнување. Оваа тактика, која ќе ја популаризираме, е диверзија (*détournement*).

# 20

Жртвувањето мора да биде наградено. Во замена за своето вистинско жртвување, работниците ги добиваат инструментите за своето ослободување (направи за комфор), но ова ослободување е целосно фиктивно затоа што моќта го контролира начинот на кој сета материјална опрема може да биде користена; бидејќи моќта ги користи за свои цели и инструментите и оние кои ги користат. Христијанската и буржоаските револуции го демократизираа митското жртвување, „жртвувањето на господарот". Денес има безброј иницијатори кои добиваат трошки од моќта за да го стават во јавна служба тоталитетот на своето парцијално знаење. Тие повеќе не се нарекуваат „иницијатори", а сè уште ниту „свештеници на Логосот"; тие едноставно се познати како експерти.

На ниво на спектаклот нивната моќ е несомнена: натпреварувачот на „Милионер" и поштенскиот службеник кој цел ден меле за механичките детали на својот автомобил, исто така се идентификуваат со експертот, а знаеме како производствените менаџери го користат таквото идентификување за да ги стават под контрола нестручните работници. Во суштина, вистинската мисија на технократите би била да го обединат Логосот; доколку – заради една од контрадикторностите на фрагментарната моќ – не беа толку апсурдно одделени и изолирани. Секој е отуѓен немајќи врска со другите; тој ја познава целината на еден фрагмент, а не ја знае реализацијата. Каква вистинска контрола можат атомскиот техничар, стратегот или политичкиот експерт да имаат над нуклеарното оружје? Каква крајна контрола моќта може да се надева да наметне над сите гестови кои се развиваат против неа? Сцената е толку преполнета што единствено хаосот царува како господар. „Поредокот царува но не владее" (*IS #6*).

До степенот до кој експертот зема учество во развојот на инструментите кои го условуваат и трансформираат светот, тој го подготвува начинот за *бунт на привилегираните*. Досега таквиот бунт беше нарекуван фашизам. Во суштина, тоа е оперативен бунт – зарем Ниче не го гледаше Вагнер како предвесник? – во кој актерите кои долго време се истиснати настрана и кои се гледаат себеси како сè помалку и помалку слободни, однедеш бараат да ги имаат главните улоги. Клинички говорејќи, фашизмот е хистерија на светот на спектаклот доведен до точка на пароксизам. Во овој грч, спектаклот моментално го обезбедува своето единство додека истовремено ја открива својата радикална нехуманост. Преку фашизмот и Сталинизмот, кои ја конституираат неговата романтична криза, спектаклот ја открива својата вистинска природа: тој е болест.

Ние сме затруени од спектаклот. Сите елементи нужни за детоксикација (односно, за конструирање на нашите секојдневни животи) се во рацете на експерти. Оттаму, ние сме многу заинтересирани за сите овие експерти, но на различни начини. Некои се безнадежни случаи: ние нема, на пример, да се обидеме и да им го прикажеме на експертите на моќта, владетелите, степенот на нивниот делириум. Од друга страна, спремни сме да ја земеме предвид огорченоста на експертите заробени во улоги коишто се ограничени, апсурдни или срамни. Меѓутоа, мораме да признаеме дека нашето удоволување има граници. Доколку и покрај нашите напори, тие настојуваат својата виновна совест и својата огорченост да ја стават во служба на моќта преку фабрикување на условувањето кое ги колонизира нивните сопствени секојдневни животи; доколку претпочитаат илузорно претставување во хиерархијата на сметка на вистинското остварување; доколку се упорни во своето фалбаџиско мавтање на нивните експертизи (нивното сликање, нивните романи,

нивните цитати, нивната социометрија, нивните психоанализи, нивната балистика); конечно, доколку, знаејќи совршено добро - а наскоро *незнаењето на овој факт нема да биде оправдување* – дека единствено моќта и СИ го држат клучот на нивните експертизи, тие и покрај тоа одлучат да ѝ служат на моќта бидејќи моќта, прицврстувајќи се на нивната инертност, ги избрала нив да ѝ служат, тогаш кој ги ебе! Никој не може да биде повеликодушен. Тие треба да го разберат сето ова, а пред сѐ фактот дека бунтот на невладејачките актери е поврзан со бунтот против спектаклот (види ја подолу тезата за СИ и моќта).

## 21

Воопштената анатемизација на лумпенпролетаријатот изникнува од употребата која му беше доделена од буржоазијата, која служеше и како механизам за регулација на моќта и како извор на регрути за поголеми дубиозни сили на поредокот: цајкани, поткажувачи, најмени насилници, уметници… И покрај тоа, лумпенпролетаријатот опфаќа значителна радикална имплицитна критика на *работното општество.* Неговиот отворен презир и кон слугите и кон шефовите, содржи добра критика на работата како отуѓување, критика која не е земена предвид сѐ до денес затоа што луменпролетаријатот беше поле на амбигвитети, но исто така и затоа што во деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век, борбата против природното отуѓување и произведувањето благосостојба сѐ уште изгледаа како валидни оправдувања за работата.

Штом стана познато дека изобилството на потрошувачки добра не е ништо друго туку опачината на отуѓувањето во производството, лумпенпролетаријатот се здоби со нова димензија: ослободи презир кон организираната работа кој, во доба на државата на благосостојба, постепено добива размери на барање коешто единствено владетелите одбиваат да го признаат. И покрај постојаните обиди на моќта да го заздрави, секој експеримент извршен врз секојдневниот живот, што значи, секој обид да се конструира (нелегална активност уште од уништувањето на феудалната моќ каде што беше ограничена на малцинството), денес се конкретеризира преку критиката на отуѓувачката работа и одбивањето на потчинување на принудната работа. Дотаму што новиот пролетаријат се стреми да се дефинира негативно како „Фронт против принудната работа“, збирајќи ги заедно сите оние кои се спротивставуваат на заздравувањето од страна на моќта. Ова го дефинира нашето поле на дејствување; токму овде се обложуваме на итрината на историјата наспроти итрината на моќта; овде го поддржуваме работникот (без оглед дали е фабрички работник или уметник) кој – свесно или не – ја отфрла организираната работа и живот, наспроти работникот кој – свесно или не – ја прифаќа работата според прописите на моќта. Во оваа перспектива, не е неразумно да се предвиди транзиционен период во кој автоматизацијата и волјата на новиот пролетаријат ја препуштаат работата единствено на експертите, редуцирајќи ги менаџерите и бирократите на ранг на привремени робови. Во општата автоматизација, „работниците“ наместо да ги надгледуваат машините би можеле да го посветат своето внимание на надгледување на кибернетските експерти, чијашто единствена задача би била да ја зголемуваат продуктивноста која, преку промена на перспективата, ќе престане да биде приоритетниот сектор, со цел да му служат на приоритетот на животот над преживувањето.

## 22

Унитарната моќ се стремеше кон разложување на индивидуалното постоење во колективна свест, така што секоја општествена единица субјективно се дефинираше себеси како дел со јасно детерминирана тежина одложена како во масло. Сите мораа да се чувствуваат обземени од сеприсутниот доказ дека сѐ е само сиров материјал (суровина) во рацете на Бог, кој го искористил за свои сопствени цели, кои природно се надвор од индивидуалното човечко сфаќање. Сите феномени се согледуваа како еманации на натприродна волја; секое абнормално отстапување означуваше некое скриено значење (секоја пертурбација беше само нагорна или надолна патека кон хармонија: Четирите царства, Тркалото на среќата, испити испратени од боговите). Може да се зборува за колективна свест во смисла дека таа е симултана за секоја индивидуа и за сите: свест за митот и свест за посебното постоење внатре митот. Моќта на илузијата беше таква што автентично живееniот живот своето значење го влечеше од неавтентично живеениот; од ова извира онаа свештеничка осуда на животот, редуцирањето на животот на чиста случајност, на бедна материјалност, на празна појавност и на најниска состојба на тренсцедентност којашто стануваше сѐ подеградирана при своето измолкнување од митската организација.

Бог беше гарантот на просторот и времето, чиишто координати го дефинираа унитарното општество. Тој беше заедничката референтна точка за сите луѓе; просторот и времето беа едно во него, исто како што во него сите суштества станаа едно со својата судбина. Во добата на фрагментација, човекот е распнат меѓу времето и просторот на тој начин што ниту една трансцедентност не може да се обедини преку медијација на која било централизирана моќ. Живееме во простор и време коишто се разглобени, лишени од секаква референтна точка или координати, како божем никогаш да не ќе бевме спремни да стапиме во контакт со себеси, иако сѐ нѐ повикува да го сториме тоа.

Постои место каде што се создаваш себеси и време во коешто се играш себеси. Просторот на секојдневниот живот, оној на нашата вистинска реализација, е опкружен со сите форми на условување. Тесниот простор на нашата вистинска реализација нѐ дефинира нас, а сепак ние се дефинираме себеси во време на спектаклот. Или поинаку кажано: нашата свест повеќе не е свесна за митот на посебното постоење внатре митот, туку свесна за спектаклот и за посебната улога во спектаклот. (Погоре го истакнав односот помеѓу сета онтологија и унитарната моќ; овде треба да се потсетиме дека кризата на онтологијата се појавува со движењето кон фрагментација). Или кажано уште поинаку: во односот простор-време во кој сите и сѐ е сместено, времето стана она имагинарното (полето на индентификувања); просторот нѐ дефинира, иако се дефинираме себеси во имагинарното и иако имагинарното нѐ дефинира *qua* субјективностите.

Нашата слобода е онаа на апстрактна привременост во која сме именувани со јазикот на моќта (овие имиња се улогите кои ни се доделени), во која го имаме изборот да ги пронајдеме официјално признаените *синоними* за нас. Спротивно, просторот на нашата автентична реализација (просторот на нашиот секојдневен живот) е под доминион на тишината. Не постои име за именување на просторот на живеаното искуство освен во поезијата, во јазикот кој се ослободува себеси од доминацијата на моќта.

## 23

Преку десакрализирањето и фрагментирањето на митот, буржоазијата беше наведена пред сè да бара независност на свеста (барањата за слобода на мислата, слобода на печатот, слобода на истражувањата, одбивање на догмата). Оттаму, свеста престана да биде повеќе или помалку свест која го рефлектира митот. Стана свесна за сукцесивните улоги играни внатре спектаклот. Она што буржоазијата пред сè го бараше беше слобода на актерите и статистите во спектакл кој повеќе не е организиран од Бог, неговите цајкани и неговите свештеници, туку од природните и економските закони, „превртливите и безмилосни закони" бранети од нов тим на цајкани и експерти.

Бог беше отфрлен како бескорисен завој, а раната остана сè уште чувствителна. Завојот можеби ја спречил раната од заздравување, но го оправдуваше страдањето, му даде значење вредно за неколку фикса морфин. Денес страдањето нема никакво оправдување, а морфинот е далеку од евтин. Одвојувањето стана конкретно. Секој може да го стави прстот на него, а единствениот одговор којшто кибернетското општество има да ни го понуди е да станеме набљудувачи на гангрената и гниењето, набљудувачи на преживувањето.

Драмата на свеста на која укажуваше Хегел всушност е свест на драмата. Романтизмот повторно звучи како плач на душата отстранета од телото, сè поакутно страдање додека секој од нас се наоѓа себеси сам во соочувањето со падот на светиот тоталитет и сите домови на Ашер.

## 24

Тоталитетот е објективна реалност, во движење во коешто субјективноста може да партиципира единствено во форма на реализација. Сè што е одвоено од реализацијата на секојдневниот живот се приклучува на спектаклот каде што опстанокот е замрзнат (хибернација) и се служи на парчиња. Не може да има автентична реализација освен во објективната реалност, во тоталитетот. Сето останато е карикатура. Објективната реализација којашто функционира во механизмот на спектаклот не е ништо повеќе од успех на манипулираните објекти од страна на моќта („објективната реализација во субјективноста" на славните уметници, ѕвезди, познати личности на *Who's Who*). На ниво на организација на појавноста, секој успех – и секој неуспех – се надувува сè додека не стане стереотип, и се емитува како божем да е единствениот успех или пораз што постои. Сè досега моќта е единствениот судија, иако нејзините пресуди се подложени на разни притисоци. Нејзините критериуми се единствените валидни за оние кои го прифаќаат спектаклот и се задоволни да имаат улога во него. Но повеќе нема актери на таа сцена, има само статисти.

## 25

Простор-времето на приватниот живот беше хармонизиран во простор-време на митот. Фуриеовата хармонија одговара на оваа изопачена хармонија. Штом митот повеќе не ги опфаќа индивидуалното и парцијалното во тоталитетот доминиран од страна на светото, секој фрагмент се поставува себеси како тоталитет. Фрагментот поставен како тота-

литет, всушност е *тоталитарецот*. Во ова одвоено простор-време кое го конституира приватниот живот, времето – сега апсолутно во форма на апстрактна слобода, слобода на спектаклот – се консолидира преку сопственото одвојување, просторниот апсолут во приватниот живот е изолација и ограничување. Механизмот на отуѓувачкиот спектакл ракува со таква сила што приватниот живот ја достигнува точката да биде дефиниран како лишен од спектаклот; фактот дека се избегнуваат улогите и категориите на спектаклот се доживува како дополнителна немаштија, како чувтсво на слабост коешто моќта го користи како изговор да го редуцира секојдневниот живот на безначајни гестови (седење, миење, отворање врата).

## 26

Спектаклот којшто ги наметнува своите норми на проживеано искуство самиот изникнува од проживеано искуство. Времето на спектаклот, живеено во форма на сукцесивни улоги, просторот на автентичното искуство го прави област на објективна импотентност, додека истовремено објективната импотентност којашто потекнува од условувањето на приватното присвојување, го прави спектаклот врвот на потенцијалната слобода.

Елементите родени од живееното искуство се признаени само на ниво на спектаклот, каде што се изразени во форма на стереотипи, иако таквиот израз е постојано оспоруван и побиван во и од страна на живееното искуство. *Сложениот портрет на преживеаните* – на коишто Ниче укажуваше како „малите луѓе“ или „последните луѓе“ – може да се сфати единствено во термини на следната дијалектичка возможност невозможност:

а. возможноста на ниво на спектаклот (разновидност од апстарктни улоги) ја зајакнува невозможноста на ниво на автентичното искуство;

б. невозможноста (т.е., ограничувањата наметнати на вистинското искуство од страна на приватното присвојување) го одредува полето на апстрактни возможности.

Опстанокот е дводимензионален. Наспроти таквото редуцирање, кои сили можат да го истакнат она што го сочинува секојдневниот проблем на сите човечки суштества: дијалектиката на опстанокот и животот? Или специфичните сили на коишто СИ смета ќе го направат возможно суперзаседанието на овие спротивности, повторно обединувајќи го просторот и времето во конструкцијата на секојдневниот живот; или животот и опстанокот ќе станат заробени во антагонизам кој станува сѐ послаб и послаб. Сѐ дури не биде достигната точката на крајна конфузија и крајна сиромаштија.

## 27

Живеената реалност е спектакуларно фрагментирана и означена во биолошки, социолошки и други категории коишто, додека поврзани со комуникабилното, никогаш не комуницираат ништо повеќе од факти испразнети од својата автентична живеена содржина. Токму во оваа смисла, хиерархиската моќ, затворајќи ги сите во објективниот механизам

на приватното присвојување (примање/исклучување види го делот 3), е исто така диктаторство над субјективноста. Таа е како диктатор над субјективоста која се стреми, со ограничени шанси на успех, да ја принуди секоја индивидуална субјективност да стане објективизирана, што значи, да стане објект што таа може да го манипулира. Оваа крајно интересна дијалектика би требало да биде подетално анализирана (објективната реализација во субјективноста – реализацијата на моќта – и објективната реализација во објективноста – којашто влегува во практиката на конструирање на секојдневниот живот и уништување на моќта).

Фактите се лишени од содржина во име на комуникабилното, во име на апстрактната универзалност, во име на изопачената хармонија во којашто секој се реализира себеси со инвертирана перспектива. Во овој контекст, СИ е во линија на оспорување која оди преку Сад, Фурие, Луис Керол, Лотреамон, надреализмот, летризмот – барем со неговите најмалку познати струи, коишто беа најекстремните.

Внатре фрагментот поставен како тоталитет, секој понатамошен фрагмент самиот по себе е тоталитарен. Чувствителноста, желбата, волјата, интелигенцијата, добриот вкус, потсвесноста и сите категории на егото беа третирани како апсолути од страна на индивидуализмот. Денес социологијата ги збогатува сите категории на психологијата, но воведувањето разновидност во улогите само ја истакнува монотонијата на рефлексот на идентификување. Слободата на „преживеаниот“ ќе го претпостави апстрактниот составен дел на кој тој „избрал“ да се редуцира себеси. Штом која било вистинска реализација се отстрани од сликата, сè што останува е психолошка драматургија во којашто внатрешноста функционира како сигурносен вентил, како прилив кој ги исцрпува ефектите што тој ги потрошил за секојдневната егзибиција. Опстанокот станува крајна етапа на животот организиран како механичко репродуцирање на сеќавање.

## 28

Сè досега пристапот кон тоталитетот беше фалсификуван. Моќта паразитски се вметна себеси како неопходно посредување помеѓу човекот и природата. Но односот помеѓу човекот и природата е заснован единствено на праксисот. Практиката е онаа којашто постојано се пробива низ складната маска на лаги коишто митот и неговите заменици се обидуваат да ги оддржат. Практиката, дури и отуѓената практика, е онаа којашто оддржува контакт со тоталитетот. Откривајќи го сопствениот фрагментарен карактер, практиката истовремено го открива вистинскиот тоталитет (стварноста): тоталитетот се реализира преку неговата спротивност, фрагментот.

Во перспективата на практиката, секој фрагмент е тоталитет. Во перспективата на моќта, која ја отуѓува практиката, секој фрагмент е тоталитарен. Ова би требало да е доволно да ги уништи обидите коишто кибернетската моќ ќе ги преземе за да ја обвие практиката со мистика, иако сериозноста на овие обиди не треба да биде потценета.

Сета практика влегува во нашиот проект; влегува со својот дел од отуѓувањето, со нечистотиите на моќта: но ние сме способни да ги исфилтрираме. Ние ќе ја разјасниме силата и чистотата на актите на одбивање како и манипулативните маневри на моќта, не во манихејска перспектива, туку како средства за развој, преку наша сопствена стратеги-

ја, оваа борба во којашто секаде, во секој миг, противниците се бараат еден со друг но се судруваат единствено случајно, загубени во неизлечива темнина и несигурност.

## 29

Секојдневниот живот отсекогаш бил исцрпуван во корист на појавниот живот, но појавноста, во својата митска кохезија, беше доволно моќна да го задуши секое споменување на секојдневниот живот. Бедата и празнината на спектаклот, откриени преку сите разновидности на капитализмот и сите разновидности на буржоазијата, го откри и постоењето на секојдневниот живот (животот на засолниште, но засолниште за што и од што?) и бедата на секојдневниот живот. Како што материјализирањето и бирократизацијата стануваат посилни, изнемоштеноста на спектаклот и секојдневниот живот е единственото нешто кое останува јасно. Конфликтот меѓу хуманото и нехуманото исто така е префрлен на полето на појавноста. Штом марксизмот стана идеологија, Марксовата борба против идеологијата, во име на богатството на животот, беше трансформирана во идеолошка антиидеологија, антиспектакуларен спектакл (исто како што во авангардната култура антиспектакуларниот спектакл е ограничен само на актерите, антиуметничката уметност создавана и разбирана единствено од уметниците, така што односот помеѓу оваа идеолошка антиидеологија и функцијата на професионалниот револуционер во ленинизмот би требало да биде испитана). Оттаму, манихејството моментално се најде себеси оживеано. Зошто св. Августин толку немилосрдно ги нападна манихејците? Зашто ја препознал опасноста на митот кој обезбедува само едно решение, победата на доброто над злото; тој увидел дека оваа невозможност се заканува да го предизвика колапсот на сите митски структури и да ја изнесе на отворено спротивставеноста помеѓу митскиот и автентичниот живот. Христијанството го понуди третиот пат, патот на светата конфузија. Она што христијанството го оствари преку силата на митот денес е остварено преку силата на *стварите*. Повеќе не може да има антагонизми помеѓу советските работници и капиталистичките работници, или помеѓу бомбата на сталинистичките бирократи и бомбата на несталинистичките бирократи; повеќе нема ништо освен единство во хаосот на материјализираните суштества.

Кој е одговорен? Кој треба да биде стрелан? Доминирани сме од систем, од апстрактна форма. Степените на човечност и нечовечност се мерени со чисто квантитативни варијации на пасивност. Квалитетот е ист секаде: ние сме сите пролетаријазирани или веќе сме на пат да бидеме. Што прават традиционалните „револуционери“? Тие елиминираат одредени дистинкции, уверувајќи се дека ниту еден пролетер не е поголем пролетер од сите останати. Но која партија работи за крај на пролетаријатот?

Перспективата за опстанок стана неподнослива. Она што нè влече надолу е *тежината на стварите во вакуум.* Тоа е материјализирањето: сите и сè паѓаат со еднаква брзина, сите и сè се стигматизирани со својата еднаква вредност. Владеењето на еднаквите вредности го оствари Христијанскиот проект, но го оствари надвор од христијанството (како што претпостави Паскал) и, пред сè, го оствари преку мртвото тело на Бог, спротивно на очекувањата на Паскал.

Спектаклот и секојдневниот живот коегзистираат во царството на еднакви вредности. Луѓето и нештата се меѓуразменливи. Светот на материјализацијата е свет без центар,

како новите префабрикувани градови коишто се неговиот декор. Сегашноста бледее пред ветувањето за вечна иднина коешто не е ништо освен механичка екстензија на минатото. Времето само по себе е лишено од центар. Во овој концентрационен свет-логор, жртвите и измачувањето се вистински. Ниту една нова идеологија може да ја ублажи болката, ниту идеологијата на тоталитетот (Логосот) ниту онаа на нихилизмот – коишто ќе бидат двете патерици на кибернетското општество. Измачувањата ја осудуваат сета хиерархиска моќ, без оглед колку е организирана или прикриена. Антагонизмот којшто СИ ќе го оживее е најстариот од сите, тој е радикален антагонизам и токму затоа тој повторно се издигнува и асимилира сè што било оставено од бунтовничките движења и големите поединци во текот на историјата.

## 30

Уште многу други баналности би можеле да се посочат и превртат наопаку. Најдобрите нешта никогаш немаат крај. Пред да го препрочитате горното – коешто најмедиокритетската интелигенција ќе може да го сфати од третиот обид – читателот е советуван внимателно да се сконцентрира на следниот текст, бидејќи овие забелешки, исто толку фрагментарни колку и претходните, мораат да бидат разгледани во детали и применети. Се однесуваат на централното прашање: СИ и револуционерната моќ.

Свесна за кризата на масовните партии и „елитите", СИ мора да го отелотвори суперзаседанието и на Централниот комитет на болшевиците (суперзаседание на масовната партија) и на Ничеанскиот проект (суперзаседание на интелигенцијата).

а. Секогаш кога моќта се претставува себеси како го насочува револуционерниот бунт, таа автоматски ја поткопува моќта на револуцијата. ЦК на болшевиците истовремено се дефинира себеси како концентрација и претставување. Концентрација на моќ антагонистичка на буржоаската моќ и претставување на волјата на масите. Оваа двојност брзо ја доведе до тоа да биде ништо повеќе од празна моќ, моќ испразнета од претставување, и следствено повторно да се приклучи кон, во заедничка форма (бирократија), буржоаската моќ која беше принудена (како одговор на самото постоење на болшевичка моќ) да следи слична еволуција. Условите за концентрирана моќ и масовно претставување потенцијално постојат во СИ кога таа тврди дека се држи до квалитативното и дека нејзините идеи се во сечиј ум. И покрај тоа, ние ја отфрламе концентрираната моќ и правото на претставување, свесни дека сега го заземаме единствениот *јавен став* (бидејќи не можеме да избегнеме до одреден степен да бидеме познати на спектакуларен начин) овозможувајќи им на оние кои ги споделуваат нашите теоретски и практични позиции да се приклучат кон револуционерната моќ: моќ без посредство, моќ која наложува директна акција за секого. Наш пример би можела да биде Колоната на Дурути, движејќи се од град во село, ликвидирајќи ги буржоаските елементи и оставајќи ги работниците да се погрижат за своето сопствено самоорганизирање.

б. Интелигенцијата е собата со огледала на моќта. Оспорувајќи ја моќта, таа никогаш не нуди ништо повеќе од пасивна пургативна идентификација со оние

чијшто секој гест несигурно го изразува вистинското оспорување. Радикализмот – не оној теоретскиот, очигледно, туку оној на гестовите – којшто може да се увиди во „Манифест 121“,[3] сепак, предлага некои поинакви можности. Ние сме способни да ја забрзаме оваа криза, но тоа можеме да го сториме единствено со влегување на интелигенцијата како моќ против интелигенцијата. Оваа фаза – којашто мора да претходи и којашто мора да биде содржана во фазата опишана во точката „а“) – ќе нѐ постави во перспектива на Ничеанскиот проект. Ќе создадеме мала, речиси алхемиска, експериметнална група во која може да започне реализацијата на тоталниот човек. Ниче го сфаќа таквиот потфат единствено во рамката на хиерархискиот принцип. Всушност, внатре таквата рамка ние се пронаоѓаме себеси. Оттаму, од исклучително значење е да се претставиме себеси без и најмалиот амбигвитет (на ниво на групата, прочистувањето на нуклеусот и елиминацијата на остатоците сега се чини завршена). Ние ја прифаќаме хиерархиската мрежа во којашто сме сместени единствено додека нетрпеливо работиме на отфрлањето на нашето доминирање над оние коишто не можеме да избегнеме да ги доминираме врз основа на нашиот критериум за заемно препознавање.

в. Тактички, нашата комуникација би требала да биде разлевање кое еманира од повеќе или помалку скриен центар. Ќе воспоставиме нематеријализирани мрежи (непосредни односи, епизодни односи, контакти без обврски, развој на ембрионски односи базирани на симпатија и разбирање, во стил на црвените агитатори пред пристигнувањето на револуционерните армии). Ќе присвоиме радикални гестови (акции, писанија, политички ставови, дела) како наши сопствени преку нивно анализирање, а ќе сметаме дека нашите дела и анализи се поддржани од мнозинството луѓе.

*Исто како што Бог ја конституира референтната точка на минатите унитарни општества, ние се подготвуваме да ја создадеме централната референтна точка за унитарното општество коешто сега е можно.* Но оваа точка не може да биде фиксирана. Спротивно на секогаш обновуваната конфузија дека кибернетската моќ се храни од минатото на нечовечноста, таа значи игра којашто секој ќе ја игра, „подвижниот поредок на иднината“.

[3] Отворено писмо на 121 француски интелектуалец од 1960 година, во кое повикуваат на признавање на легитимноста на алжирската борба за независност, истакнувајќи ја алжирската кауза како кауза на сите слободни луѓе во борбата против колонијализмот. (заб. на прев.)

Анархистичка библиотека

Раул Ванејгем
Основни баналности
1962-63

*Internationale Situationniste* #7, април 1963 & *Internationale Situationniste* #8, јануари 1963; *Situationist International Anthology*, Bureau of Public Secrets, 1981 (1989, 1995, 2006); edited and translated by Ken Knabb
Наслов на оригиналот: *Banalités de base*. Превод од француски и англиски: Стефан Симоновски 2003, 2020

**www.anarhisticka-biblioteka.org**